# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
# СО
# ЕРМЕНСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА



На ден 09.05.2023 година Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренција на Република Северна Македонија Проф. Д-р. Владимир Наумовски и Претседателот на Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Ерменија Gegham Gevorgyan склучија Меморандум за соработка во областа на конкурентското право и политика**.** Целта на меморандумот е да ја олесни и зајакне соработката помеѓу страните во областа на спроведувањето на законодавството и политиката за конкуренција.

На потпишувањето на меморандумот, Претседателот на Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Ерменија имаше своја презентација за e-Compete електронската платформа која овозможува интерен менаџмент на предметите и поврзување со дата базите на другите државни органи.

По потпишувањето на меморандумот, се оствари средба со потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија Горан Мисовски.



